ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА
СУ. бр. 219/20-4
17.11.2020 година
КРИВА ПАЛАНКА

ОСНОВНИОТ СУД КРИВА ПАЛАНКА како договорен орган, и тоа Претседателот на судот Љубица Цветковска Стојановска, врз основа на член 112 од од Законот за јавните набавки („Службен весник на РСМ", бр. 24/2019), во постапката за јавна набавка од мала вредност по објавениот оглас бр. 16330/2020 на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки, за набавка на опрема за видео надзор - безбедносни камери, нивна испорака и монтажа во судската зграда, по спецификации детално опишани во тендерската документација СУ.бр. 219/20-1 од 02.11.2020 година, по доставениот Извештај од спроведената постапка на Комисијата за јавни набавки, СУ.бр. 219/20-3 од 16.11.2020 година, на ден 17.11.2020 година, ја донесе следната,

# О Д Л У К А

ЗА НАЈПОВОЛНА ПОНУДА во постапката од мала вредност по објавениот оглас бр. 16330/2020 на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки, за набавка на опрема за видео надзор - безбедносни камери, нивна испорака и монтажа во судската зграда, СЕ ИЗБИРА понудата на економскиот оператор Друштво за производство, трговија, инженеринг и услуги ИДС - КОМ ДООЕЛ Експорт - Импорт Куманово, со ЕМБС 6073433 и ЕДБ 4017006156767, со постигната најниска вкупна цена на електронската аукција, во износ од 161.000,оо (сто шеесет и една илјади) денари, без вклучен ДДВ.

Потпишувањето на договорот за јавна набавка и неговото извршување ќе биде спроведено по конечноста на одлуката.

Оваа одлука да се достави во електронска форма преку ЕСЈН, до избраниот најповолен понудувач - Друштво за производство, трговија, инженеринг и услуги ИДС - КОМ ДООЕЛ Експорт - Импорт Куманово и до понудувачите кои не се избрани: Друштво за трговија и услуги ДАТАКОМ ЈВ ДООЕЛ Јегуновце; Друштво за производство, трговија и услуги ЛУКФОР СИСТЕМС ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје; Друштво за трговија и услуги СЕНСОР ДОО Скопје; Друштво за производство, трговија и услуги НЕТИСМАК СИСТЕМИ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп и Друштво за производство, услуги, трговија на големо и мало ВИДЕО АЛАРМ ДОО увоз-извоз Скопје, со известување за причините за нејзиното донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

Основниот суд Крива Паланка како договорен орган, објави оглас бр. 16330/2020 од 03.11.2020 год. на ЕСЈН, за набавка од мала вредност на опрема за видео надзор - безбедносни камери, нивна испорака и монтажа во судската зграда, по спецификации детално опишани во тендерската документација СУ.бр. 219/20-1 од 02.11.2020 год., а врз основа на одлуката за јавна набавка СУ бр. 219/2020 од 28.10.2020 година. Во одлуката за јавна набавка и огласот е наведено дека критериум за избор на најповолна понуда е најниска цена, а постапката ќе биде спроведена во електронска форма со користење на електронски средства преку ЕСЈН и одлуката за избор на најповолна понуда ќе биде донесена по спроведена директна електронска аукција, како последна фаза од постапката, а доколку во постапката биде поднесена само една прифатлива понуда, електронска аукција нема да се спроведе.

По завршувањето на Е-Аукцијата, од страна на Комисијата за јавна набавка на Основниот суд Крива Паланка до Претседателот на судот е доставен Извештај од спроведената постапка, СУ.бр. 219/20-3 од 16.11.2020 година, во кој е наведено дека се работи за постапка за набавка од мала вредност на опрема за видео надзор (набавка на стоки со проценета вредност до 10.000 евра во денарска противвредност), со објавување на оглас на ЕСЈН и со спроведување на постапката во електронска форма.

Понатаму, во извештајот од спроведена постапка, Комисијата за јавна набавка наведува дека за предметот на набавката - опрема за видео надзор, се поднесени вкупно шест понуди и тоа од економските оператори: Друштво за производство, трговија, инженеринг и услуги ИДС - КОМ ДООЕЛ Експорт - Импорт Куманово, Друштво за трговија и услуги ДАТАКОМ ЈВ ДООЕЛ Јегуновце; Друштво за производство, трговија и услуги ЛУКФОР СИСТЕМС ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје; Друштво за трговија и услуги СЕНСОР ДОО Скопје; Друштво за производство, трговија и услуги НЕТИСМАК СИСТЕМИ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп и Друштво за производство, услуги, трговија на големо и мало ВИДЕО АЛАРМ ДОО увоз-извоз Скопје.

При тоа, Комисијата за јавна набавка во текот на евалуацијата на понудите, заклучила дека од поднесените шест понуди, само две понуди и тоа од економските оператори Друштво за производство, трговија, инженеринг и услуги ИДС - КОМ ДООЕЛ Експорт - Импорт Куманово и Друштво за трговија и услуги СЕНСОР ДОО Скопје, се прифатливи понуди од технички аспект и истите економски оператори се поканети на електронска аукција, додека понудите на останатите четири економски оператори: Друштво за трговија и услуги ДАТАКОМ ЈВ ДООЕЛ Јегуновце; Друштво за производство, трговија и услуги ЛУКФОР СИСТЕМС ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје; Друштво за производство, трговија и услуги НЕТИСМАК СИСТЕМИ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп и Друштво за производство, услуги, трговија на големо и мало ВИДЕО АЛАРМ ДОО увоз-извоз Скопје се неприфатливи од технички аспект, односно имаат недостатоци кои не се во согласност со техничките спецификации од тендерската документација и тоа на економските оператори - понудувачи Друштво за производство, трговија и услуги НЕТИСМАК СИСТЕМИ увоз-извоз ДООЕЛ Прилеп и Друштво за производство, трговија и услуги ЛУКФОР СИСТЕМС ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, техничката понуда е оценета за неприфатлива од причини што не се доставени технички карактеристики на понудените стоки - предмет на набавката, како што е предвидено во тендерската документација, на понудувачот Друштво за трговија и услуги ДАТАКОМ ЈВ ДООЕЛ Јегуновце техничката понуда е оценета за неприфатлива, од причини што во позицијата под реден број 1 ( минимум 2-мегапикселна булет IP камера) не се наведени сите технички карактеристики на камерите коишто се бараат со тендерската документација, како што се: мин. IP 67 заштита или еквивалентно, мин. 3 DNR дигитална репродукција на звук, мин. работна температура (-30 до +60 С) итн., а исто така, во позицијата под реден број 12 (УПС), не се наведени техничките карактеристики на стоката-предмет на набавката, како што е предвидено во тендерската документација, додека пак, понудата на економскиот оператор Друштво за производство, услуги, трговија на големо и мало ВИДЕО АЛАРМ ДОО увоз-извоз Скопје е оценета за неприфатлива од причини што во техничките спецификации од тендерската документација под реден број 8 (монитор за видео-надзор), е наведено: „Мониторот треба да е со ознака за работа 24x7“, а во понудениот модел од техничка спецификација не е наведено дека го има ова својство.

На ден 16.11.2020 година е спроведена електронска аукција, при која е постигната најповолна (најниска) цена во износ од 161.000,оо (сто шеесет и

една илјади) денари без вклучен ДДВ, од економскиот оператор Друштво за производство, трговија, инженеринг и услуги ИДС - КОМ ДООЕЛ Експорт - Импорт Куманово. Со постигнатиот износ на цена на електронската аукција, не се надминува износот на обезбедените средства за реализација на оваа јавна набавка согласно со Одлуката за јавна набавка СУ бр. 219/2020 од 28.10.2020 година, поради што Комисијата за јавна набавка ја предлага за избор на Претседателот на судот како одговорно лице, понудата на посочениот економски оператор како најповолна понуда, со постигната најниска цена на Е-Аукцијата.

Инаку, Комисијата за јавни набавки во согласност со членот 48, ст. 6 и членот 101, ст.1 од Законот за јавните набавки заклучила дека сите економски оператори кои поднеле понуди по објавениот оглас за јавна набавка, ги исполнуваат условите во поглед на способноста за вршење на професионална дејност во врска за предметот на набавката, дека имаат поднесено изјави за сериозност на понудите и оти немаат негативна референца.

Претседателот на судот, разгледувајќи и ценејќи го приложениот извештај од спроведената постапка, како и по извршениот увид во останатата документација прибрана во оваа постапка за набавка од мала вредност (одлуката за јавна набавка СУ.бр. 219/2020 од 28.10.2020 година, тендерската документација СУ.бр. 219/20-1 од 02.11.2020 година, огласот за јавна набавка бр. 16330/2020 од 03.11.2020 година, Записникот од отворање на понудите СУ.бр. 219/2020 - 2 од 11.11.2020 година, изјавите за непостоење на судир на интереси на членовите на Комисијата за јавни набавки, СУ бр. 219/2020-2/1, 2 и 3 од 11.11.2020 година, извештајот за негативна референца бр. 16330/2020 од 11.11.2020 година и извештајот за текот на Е-Аукцијата од 16.11.2020 година), утврди дека Комисијата за јавна набавка ја предлага за избор најповолната понуда која е со најниска цена како резултат на спроведената е – аукција, од кои причини и согласно со чл. 112 од Законот за јавните набавки, се одлучи како во изреката на оваа одлука.

Претседател на судот,
Љубица Цветковска Стојановска

ОСНОВЕН СУД КРИВА ПАЛАНКА
Република Северна Македонија
Крива Паланка

ПОУКА: Против ова одлука, може да се поднесе жалба во рок од 5 (пет) дена од нејзиниот прием.

Жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки - Скопје, во електронска форма, а се доставува истовремено до Државната комисија и договорниот орган преку ЕСЈН.